ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Политичка партија Демократска унија за интеграција-ДУИ.

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2020 година.

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извешти се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

Уплатени се средства за членарина над законски дозволениот лимит; пописните листи не содржат вредносни показатели, податок за локацијата на која се наоѓаат и не се обележани со инвентарни броеви и не е приложена соодветна поткрепувачка документација за дел од фактурите за кои се извршени расходи во текот на 2020 година.

**Издадено мислење/заклучок*:** (жолто)

Изразивме мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
Да се почитуваат законски дозволените износи за членарини утврдени со законот; да се обезбеди поткрепувачка документација како прилог на фактурите од добавувачите при евидентирање на деловните промени и трансакции во деловните книги да се врши врз основа на комплетна документација и пописните листи за материјалните средства да содржат вредносни показатели и податок за локација на постојаните средства и означување со инвентарни броеви.

**Клучни системски слабости:**
Да се преиспита законската одредба во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка; допрецизирање во делот на донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства, измена и дополна на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации и регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Не се добиени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**
-/-

* (зелено) позитивно, (жолто) со резерва, (црвено) неповолно, (црно) воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018